**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2025 година (арх. бр. 320238/1 од 21.4.2026 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 27.5.2026 година, ја донесе следната

# Предлог Одлука

## за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2025 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја распоредува нето добивката остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" во износ од 2.494.931.182,00 денари (две милијарди четиристотини деведесет и четири милиони деветстотини тресет и една илјада и сто осумдесет и два денари) за исплата на бруто дивиденда во која се вклучени сите даноци, доколку е применливо, и кои ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно важечката даночна регулатива во Република Северна Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**